**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение од Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Благој Зашов, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Благој Зашов:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Уште еднаш ги молам колегите пратеници да влезат во салата за да можеме да почнеме со работа.

Предлагам да почнеме со работа, иако морам да констатирам дека недостасуваат уште неколку пратеници за да имаме кворум, меѓутоа се надевам дека во меѓувреме и другите пратеници што се во зградата бидејќи има пријавено над 70 пратеници кои се потпишани, верувам дека ќе дојдат на седницата како би можеле да работиме.

Продолжуваме со работа по 98-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Фијат Цаноски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китаноски, Илинка Митрева, Јагнула Куновска, Лилјана Поповска, , Бесим Догани, Владимир Ѓорчев, Гоце Марковски, Виолета Ташева, Наде Станчевска, Арбен Џафеери, Мендух Тачи, Али Ахмети, Горан Мисовски, Данаил Дончев, Тито Петковски и Лубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог на закон за високото образование.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Застанавме пред гласање по амандманот на колегите Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Меѓутоа, бидејќи има пријавени верувам за процедурално, јас би сакал пред да и дадам збор на госпоѓа Роза Топузова Каревска, да ги известам пратениците дека претседателот на Собранието е спремен да ги прими стечајците и доколку процедуралните забелешки се во врска со тоа, би било добро да оставиме да разговараат преставниците на стечајците со претседателот, а потоа евентуално ако има процедурални забелешки во тој поглед да разговараме и овде.

Процедурално има госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, нема потреба од нервоза кај пратениците од ВМРО ДПМНЕ. Навистина кога имаме едни вакви сериозни ситуации и сериозни прашања, мислам дека е ред да се ислушаме, да се слушне барањето и ве молам потпретседателе според Деловникот вие треба да им дадете збор на пратениците кога ќе побараат за процедурално без да тие мора да образложат од место по која тема ќе бараат процедурална забелешка да биде.

Почитувани колеги пратеници, мислам дека сите знаеме што се случува пред Собранието во изминатата година дена. И јас нема да дебатирам околу тоа, затоа што гледам дека некои пратеници се многу чувствителни кога ќе се спомнат стечајните работници и тоа не чувствителни во оваа насока на која што треба да бидат, во насока да им се помогне на овие луѓе, туку во насока проблемот и понатаму се става под тепих и да не се дебатира. Мислам дека покрај тоа што повеќе месеци поминаа во услови кои што се едвај тешки за преживување, под високи температури над 40 степени, ниски температури, останаа тука и сега имаме момент кога ситуацијата веќе е поинаква, имаме блокади на улиците.

Мојот предлог е во оваа насока. Не би сакала да им пречам на колегите пратеници во нивниот разговор од парламентарното мнозинство и во обавувањето на телефонските разговори, затоа малку и ќе почекам. Значи, колеги пратеници,мислам дека ќе биде многу посериозно од нас да се сослушаме и сите да се сложиме со ова што сега ќе го предложам. Имено, решение околу овој проблем стчајните работници гледаат со носење на законот кој што е предложен од Новата социјалдемократска партија. Затоа предлагам сега да ја прекинеме оваа седница и потпретседателот на даде пауза од 15-тина минути, или половина час и да продолжиме со седницата на која што на дневен ред се наоѓа Законот предложен од Тито Петковски и Новата социјалдемократска партија со кој што закон ќе им се овозможи одреден надоместок на стечајните работници, она што всушност и тие го бараат. Мислам дека тоа е единствениот начин.

**Благој Зашов:** Госпоѓо Каревска ви измина вашето време од три минути.

**Роза Каревска Топузова:** Јас се извинувам потпретседателе, можеби ми истче времето, меѓутоа навистина не можам да ги сватам пратениците од ВМРО ДПМНЕ кои што кога им требаат стечајните работници беа кај нив и ги носеа, од своите ги дигаа и ги носеа пред Собранието, а сега не сакаат две минути да сослушаат. Ве молам, почитуван потпретседателе бев постојано прекинувана, ова е сериозна тема и сакам да го искажам моето барање.

**Благој Зашов:** Госпоѓа Каревска ви истече времето.

**Роза Топузова Каревска:** Нема да прекинам затоа што не искористив ниту половина од моето време, затоа што пратениците од ВМРО ДПМНЕ кога говориме за стечајците си разговараат меѓу себе и очигледно дека им е забава.

**Благој Зашов:** Ве молам, напуштете ја говорницата, бидејќи ви истече времето.

Го чувме предлогот.

**Роза Топузова Каревска:** Не, не го слушнавте. Ве молам да го ставите на гласање, да прекинеме со оваа седница и да продолжиме со седницата. . .

**Благој Зашов:** Госпоѓа Каревска исклучена сте од говорница. Јас не би сакал да доаѓаме во една ваква ситуација кога се кршат деловничките одредби. Би молел да биде тишина, но и говорниците да се придржуваат кон Деловникот за три минути кога имаат процедурални забелешки.

Госпоѓа Каревска даде предлог да се прекине седницата за да се даде пауза од 15 минути за да се продолжи откако нејзиниот предлог ќе биде разгледан. Јас би сакал да гласаме за овој предлог.

Едно објаснување, ако госпоѓа Каревска има дилеми околу тоа, Предлог законот за вработувањето и надомест во случај на невработеност од пратеничката група на НСДП е полечен од 69-та седница како 24-та точка и повторно е доставен малку видоизменет и се чека на наредната седница да биде поставен за разгледување. Ако тоа ја задоволува госпоѓата Каревска, да не ја прекинуваме седницата, да продолжиме со другите процедурални забелешки.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина не можам да разберам од каде е толкаво нетрпение кога сакаме да говориме за една тема која што е многу сериозна. Проблемот го имаме, проблемот ни се наоѓа пред врата. Ве молам колега, ние губиме толку време чекајќи ве вас да се соберете во Собранието и сега немате уште две минути трпение да разговараме. Потпретседателе, доколку е така вие требаше веднаш да ме прекинете и да го кажете тоа, а не да чекате од секретарот. Значи, уште еден од триковите на НСДП да го повлече законот и да чека да се стави на дневен ред некогаш на некоја седница и како некоја точка. Очигледно е дека вие поднесовте закон кој што претставува, вие сметавте дека петставува обврска, затоа што им ветивте на стечајните работници но кој што не сакате никогш да биде донесен. И престанете да манипулирате, претседателот и потпретседателите, да ги завршиме седниците онака како што се поставени. Мислам дека ова ги надмина сите граници во однос на манипулацијата со точките на дневен ред. Ве молам, тогаш ако веќе гоимате законот, утре да свикате итна седница. Значи, тоа е мојот предлог на која што ќе ја разгледаме оваа точка. Значи, ве молам, да свикате итна седница за утре со точка на дневен ред Законот за стечајците.

**Благој Зашов:** Процедурално има господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе замолам за минимум ред во Собранието за да можеме навистина да бидеме сериозни и да се слушнеме. Денеска е вториот ден од протестите кои што мирно и достоинствено ги организираа здруженијата на стечајните работници. Вчера и денес ситуацијата е навистина зовриена од неколку причини, но на една од нив ќе лоцираме во однесувањето веројатно по наредба на раководството на Министерството за внатрешни работи и на полицијата. Се случуваат серија на инциденти надвор пред Собраието и пред Владата очигледно затоа што кулминацијата на незадоволството е до тој степен огромна што луѓето бараат решение. Сакам веднаш на почетокот да ве демантирам одговорно дека стечајните работници и нивните претставници немаат побарано средба со претседателот на Собранието и тие одлучија, тие немаат побарано средба со претседателот на Собранието, бидејќи одлучија после 18 месеци на лажни состаноци и лажни ветувања, тоа да не го направат. Тоа го упатувам како одговор на вашата интервенција и во контекст на она што сакам да го предложам. СДСМ вчера одлучи да не бара посебна расправа за овој проблем на вчерананата седница, не затоа што бевме и физички спречени, туку затоа што најмногу од се очекувавме премиерот Груевски да го разреши проблемот на вчерашнната средба. Таков одговор не дојде. Напротив одговорот на премиерот Груевски беше дека решение нема и нема да се најде, ниту пак тој сака да го најде. И затоа и реакциите денеска во печатените и електронските медиуми вчера на стечајните работници се дека тие не бараат цркви, туку бараат вистинско решавање на нивниот горлив проблем. Од таа причина господине потпретседателе, мислам дека е илузорно Собранието да глуми лудило и да расправа за закон кој што трае подолго време 3,4 дена и да се амнестира од она што се случува надвор од зградата. Затоа мислиме дека е неопходно веднаш да се расправа за овој проблем и во таа смисла бидејќи вие како пратеничка група на НСДП го повлековте вашиот закон, не може да се расправа по тој закон, тоа е веќе завршена работа и вие се откажавте од стечајните работници.

По членот 79 од Деловникот барам поддршка од 10 пратеници во име на пратеничката група на СДСМ во овој момент да ја прекинете седницата на која што расправаме за Законот за високо образование. Да се закаже итна седница на која што ќе се расправа за проблемот на стечајците. СДСМ има подготвено предлог на закон кој што денеска ќе го поднесеме во Собранието на Република Македонија и за кој што апропо одлуката да се прекине дискусијата сега по Законот за високо образование по членот 79 од Деловникот бараме да се расправа за нашиот предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. И тоа со Предлог на закон. Таа расправа нема да трае долго, бидејќи ако навистина постои

декларативна поддршка за решавање на овој проблем, можеме за два часа со неколку дискусии да ја завршиме и да го прифатите предлогот на СДСМ.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Само една информација. Бидејќи и пред малку реков дека пратеничката група на НСДП го повлече тој закон, меѓутоа во истиот момент подготви нов закон кој е доставен до Собранието и тој овие денови требаше да ви се подели. Од таму значи вие не рековте дека има нов закон, тоа е една работа. И втора работа, јас не реков дека е договорена средба со претседателот, туку е изразена спремност од претседателот на Собранието и со некои координатори на пратеничките групи со кои разговарав да ги примат претставниците на стечајците во Собранието. Доколку имате предлог да се прекине седницата дали имате поддршка од 10 пратеници? Има поддршка од 10 пратеници.

Предлогот на господинот Ивановски да се прекине седницата го ставам на гласање и да расправаме за друга точка од дневниот ред.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 72 пратеника, 26 пратеници се изјасниле за, против 46.

Констатирам дека предлогот на господинот Ивановски не е прифатен.

Продолжуваме со другите процедурални забелешки.

За збор се јави господинот Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван потпретседателе,

Мојот предлог го темелам на членот 68 став 2 од Деловникот каде што во работата на седниците на Собранието може да присуствуваат и претставници на други органи и организации. Овие 46 пратеници од владеачкото мнозинство верувам дека немаше вака да гласаат, ако на галеријата наместо новинарите беа стечајците и истите оние кои ги манипулираа изминатите 18 месеци. Крајно неодговорно е од Собранието, бидејќи тоа се бара од нас. Од Владата веќе овие стечајни работници не бараат спас. Бараат спас од Параламентот. Не одговорно е да не ја прекинеме седницата, да не ја преземеме ние одговорноста да го решиме проблемот. Ние да одлучиме како ќе се потрошат 6 милиони евра колку што го решаваат нивниот проблем, а не Груевски и неговата болумента да ги троши за реклами или за било што друго. Вие сте одговорни подпретседателе, бидејќи претседавате, за хаосот кој го создадовте во градот. Бидејќи полицијата крена раце и не сака да го регулира сообраќајот и да ни овозможи слободно да се движиме, вие треба да бидете поодговорни и да престане овој хаос во Скопје кој ќе се пренесе и низ цела Македонија, затоа што Владата е крајно неодговорна. И не сака да се соочи со реалноста, а тоа е дека Груевски нема капацитет да го реши овој проблем. Ние сакаме да го решиме проблемот.

Госпоѓо Дулиќ, вие кога ќе дојде за пензионерите може да разговарате за пензионерите, како пензионер кој е на привремена работа во Собранието. Немате право да ми дофрлувате за стечајците. Како не ви е срам. Го сместивте вашиот син во Царина, сега ви е лесно, плетете овде и не оставате да расправаме за клучни прашања, а тоа е статусот на стечајците.

(Џагор во салата)

Барам, согласно член 68 да ги повикате на гости да дојдат стечајците. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Бучковски за вашата интервенција.

Со оглед на тоа што сеуште не е одлучено да се расправа за таква една тема, не можеме во овој момент да ги повикаме. Откако ќе се одлучи да се расправа, во тој случај би можело. Благодарам.

За збор се јави господин Оливер Спасовски, повелете.

(Реакции во салата со гласни дофрлања).

Прецизирам, процедурално.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе,

Еве јас, со сиот ризик да дојде некој пак да ги сврти микрофоните, она што мислам да го кажам, сакам да гокажам пред македонската јавност.

Мислам дека барем еднаш, во овие две години ќе мора малку трезвено и сериозно да размислиме сите ние зошто и чии интереси претставуваме во Собранието на Република Македонија.

Вчера, ни се случи блокада на Собранието, на Владата, парализа на сообраќајот во Скопеј од страна на стечајните работници, заради тоа што немаше слух да се разговара воопшто за нивниот проблем. Го оставивме 11 мееци пред Собранието да живеат во шатори ида се однесува ВМРО-ДПМНЕ и Груевски како да не постојат. Вчера, разговарал со нив. Според информациите што ги кажаа и во јавноста, рекол дека единствено надлежно е Собранието да разговара и да побара решение за пробелмот на стечајните работници.

Заради тоа, мислам дека токму вие, почитувана господо од ВМРО-ДПМНЕ од НСДП од ДПА треба да се одважите малку повеќе и да понудиме решение, да разговараме за пробелмот на стечајните работници. Конечно да го затвориме овој проблем. Ако претседателот на Владата, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ кажува дека директно во Собранието е клучот на решавањето на проблемот на стечајните работници, тогаш тоа треба да го направиме овде, заради тоа што тоа значи дадена негова согласнсот вчера, или барем така се правдал пред стечајните работници.

Зошто кажал така, јас нависитна не знам. Меѓутоа е добро кога и самиот тој ги поставува работите на вистинско место. Од тојаспект мислам дека треба да се прекине оваа седница денеска, конечно да се покаже интерес дека

сакаме да разговараме за проблемот на стечајните работници. Ако НСДП го има поднесено тој закон во Собранието, да се седне и да се расправа еднаш за секогаш и да се стави точка на овој проблем. Како Собрание да понудиме решение. Да се одважите и вие, како што тоа го направи СДС во времето, да гласате за решавање на пробелмот на стечајните работници. Заради тоа што тоа во моментов е и текако потребно. Ако иамме малку доблест пред граѓаните и пред оние кои не избрале.

И на крајот, да ви кажам, многу побитни работи во Република Македонија има да се работат, отколку дел од службите во МВР и делот околу братучедите на Груевски да ги следат пратениците на опозицијата. Апсолутно нема потреба. Тоа што имаме да го кажеме, еве го кажувам овде пред Парламентот и пред македонската јавност. Нема потреба да не следат постојано што и како работиме, меѓутоа уште еднаш упатувам порака дека секогаш ќе работам и јас и моите колеги во интерес на граѓаните на Република Македонија...

**Благој Зашов:** Благодарам господине Спасовски, не ме принудувајте да ве исклучувам.

**Оливер Спасовски:** ... Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам уште еднаш.

Процедурално верувам се јави господин Влатко Серафимов.

Повелете господин Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Се надевам дека нема да се наруши работната атмосфера на денешната пленарна сесија, бидјеки пратениците од страна на ВМРО-ДПМНЕ се многу релаксирани затоа што удбашките методи се применуваат во Република Македонија, не следат, не забележуваат и не е проблем. Меѓутоа ние, гласот на народот мораме да го пренесеме и до медиумите и до македонската јавност и до вас, како пратеници од власта.

Почитувани коелги,

Во текот на вчерашниот ден имав средба со дел од стечајците во вечерните часови. Ме замолија, како граѓанин и како претставник од изборната единица број 3 да ве замолам, како владеачко мнозинство да го ставите на дневен ред нивното прашање. Меѓутоа, знам дека и вчера, во текот на вчерашниот ден, потпретседателот на Собранието поминал покај стечајците и не им обрнал внимание. Иако, потпретседателот Зашов, иако во изборната кампања им ветуваа дека нивниот проблем ќе биде решен, тие замолија денеска до колку се во можност пратеницит еи од нивно лично име да ве замолам вас од мнозинството да го ставите нивниот проблем на дневен ред.

Премиерот на Република Македонија, господинот Груевски пред изборите им ветуваше се и сешто. Сега ги упати во овој законодавен дом. Затоа, судбината е во наши раце. Ние ја држиме судбината на тие јадници кои 18 месеци седат надвор во Жена парк. 18 месеци се дел од собранискиот живот.

Затоа, имајте разбирање за нивниот проблем, затоа ве замолувам во нивно лично име, бидјеки не се работи за членови на СДСМ, не се работи за членови на ВМРО-ДПМНЕ на ДПА или на ДУИ или други полички партии. Се работи за луѓе кои се борат за чиста гола егзистенција.

Затоа апелирам во овој момент да се надминеме самите себе си, да ја прекинеме денешната седница тука и да продолжиме со нова седница за која што на дневен ред ќе биде точка за стечајните работници во Република Македонија, на која што седница ќе покажеме добра волја, ќе ги поканиме нивните претставници и на крај ќе изгласаме еден закон што ќе биде во согласнсот и со можностите на Република Македонија и во согласнсот со финансискtие импликации на Република Македонија за да се реши нивниот проблем. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Господинот Марјанчо Николов, веројатно процедурално, повелете.

**Марјанчо Николов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Врз основа на член 79 и член 64 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагам Собранието да ја прекиен денешната седница и со претседателот на Собранието по итна постапка да закаже нова седница на која што ќе се расправа Предлог-законот за измена и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработенсот, се со вел да дојдеме до решение на проблемот на таканаречените стечајни работници.

Би сакал да кажам за текот на вчерашниот ден како течеа протестите и односите на полицијата на Република Македонија кој стечајците.

Од Велес, автобусот што беше тргнат утрината најпрво беше запрен од страна на полицијата, стечајните работници беа симнати од автобусот, автобусот беше пратен на технички преглед, а МВР издаде соопштение дека тоа биле редовни активности. Потоа, кога заврши техничкиот преглед, МВР повторно ги запре сите автобуси од Источна Македонија и не им допушти на стечајните работници да продолжат и да дојдат до Скопје и да го искажат својот револт. На тој начин, јасно се покажа дека ВМРО-ДПМНЕ, преку МВР, не сака на демократски начин д аим дозволи на граѓаните да го искажат својот револт поради нерешавање на проблемот со стечајните работници. Повеќе од една година седат пред Собранието на Република Македонија. Ниту еднаш до сега коелгите од владеачкото мнозинство не покажаа минимум волја да се реши овој проблем...

**Благој Зашов:** Формулирајте го предлогот ве молам.

**Марјанчо Николов:** Кога беа во опозиција сакаа, шуруваа со нив им ветуваа. Кога дојдоа во можност да го решат, немаа сили да го решат проблемот...

**Благој Зашов:** Формулирајте го предлогот, Николов.

**Марјанчо Николов:** Бидејки Владата на Република Македонија кажа дека не сака да го реши овој проблем, апелирам до колегите рпатеници да ја прекинеме оваа седница, да собереме храброст. Сите неи сме претставници на стечајните работници од градовите до каде доаѓаме. Да стиснеме зелено копче, да ги изгласаме измените и дополнувањата на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и да решиме еден голем проблем во услови кога сиромаштијата во Република Македонија станува се поголема поради растот на цените и зголемувањето на невработенсота. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Николов.

Вашиот предлог е малку поинаков од оној што го даде господинот Ивановски за прекин на седницата и за расправа по Законот што го предложи НСДП.

Молам, дали имате 10 пратеници подршка за ставање на гласање?

Има.

(Реакции во салата со дофрлања).

Ова е поинаков предлог.

Ве молам, за предлогот на господин Николов да гласаме.

Гласале 59 пратеници од кои 21 гласале за нема воздржани и 38 се против.

Со оглед на тоа што смао 59 гласале, јас би молем службите да преброиме дали има 61 присутен, за да констатираме дали одлуката е во ред.

(Службите констатираат колку пратеници се присутни во салата).

Во салата во моментот на гласање имаше 65 пратеници.

Констатирам дека не е прифатен предлогот на господинот Николов.

Процедурално, верувам се јави господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Би сакал повторно да се осврнам околу процедурата. Сепак и денеска не се држиме по однос на процедурата. Ако сакате точен член ќе се навратам подоцна. Ќе викажам,според членот 68 што господинот Бучковски исто така го кажа. А, ќе ви кажам и зошто по тој член.

Но, ќе кажам и дека претседателот на Собранието во секој момент, во текот на денешниот ден, во временскиот период кога стечајците ќе најдат простор и време кога и претседателот ќе ги прими на разговор и ќе се договорат околу можноста за ставање на Предлогот на законот што го има НСДП дадено во Собранието околу законот за стечај. Би сакал да кажам дека паранојата е очигледно присутна. Но, хаосот што изминативе два дена го нарпавија стечајците на улиците, благодарение на тајкуните од СДС, кој што во изминатиов период ги оставија без работа, извршија една криминална приватизација, денеска се толку многу загрижени што сакаат да прекинуваат седници и да прекинуваат точки на дневен ред за да се вметне тоа што тие сакаат да го актуелизираат, сметајки дека на ваков начин и онака лажниот рејтинг што го прикажуваат, дека нависитна ќе им се оствари.

Јас би сакал да побарам и една информација од МВР околу хаосот што се создаде вчера и што се создава денес, околу законот, поточно финансирањето на политичките апртии, да видием кои оние средства, оние автобуси што биле на патиштата, кој им овозможува и кој дава логистичка подршка на вака, да кажам една маса што денеска се наоѓа и вчера се наоѓаше на улиците и прави хаос во сообраќајот. Сведоци сме дека вчера имавме напаѓање на цивилни лица, имавме превртување на автомобили, не, но нишање и враќање на автомобили.

Со Законот, тој што го донесовте вие господо од СДС за јавниот ред и мир, оној што беше за организирање на протести, можеме да кажеме дека организаторот најверојатно потфрли тука,во организациската шема во која што создаде хаос. Треба да знаеме дека треба непречено да се овозможи одредени институции да се движат. Брза помош вчера не можеше да се движи во градот. До колку имавме болни луѓе кои претрпуваа инфаркт, кој ќе ја преземе одговорноста? Дали тоа ќе го преземе СДС, одговорнсот за настанување на таквите последици што се случуваат во градот.

Затоа, уште еднаш ќе кажам, нема потреба од апраноично однесување во моментов во Парламентот, нема потреба од тоа што се нарекув апрекинување на седницата, затоа што претседателот, точно, ќе разговара со стечајците и ќе каже кога ќе биде поставена точката на дневен ред. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Грозданов.

Мислам дека со големо внимание пратениците ве слушаа и мислам дека денеска многу добро ја запазуваме процедурата.

Продолжуваме со другите пријавени.

Госпоѓа Верица Филипова има процедурална забелешка.

Повелете госпоѓо Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни,

Мојата деловничка интервенција е согласно член 79 од Деловникот за работа на Собранието.

Но, на почетокот сакам да кажам дека и покрај тоа што во програмските определби на НСДП е решавањето на проблемот на стечајните работници и покрај тоа што писмено, пред

изборите им ветивте на тие луѓе дека, ако дојдете на власт ќе го решите нивниот проблем и покрај тоа што неколку пати веќе декалративно доставувате предлог-закони па ги повлекувате за решавање на проблемот на стечајците, од листингот на денешното гласање по Предлогот на колегата Игор Ивановски да се прекине оваа седница и да се разгледа проблемот на стечајците и новиот Закон што ќе биде доставен во текот на попладневните часови за решавање на проблемтие на стечајците, вие, господине потпретседателе Зашов Благој, вашата сопартијка Секуловска Мирајна, ова е листингот (го покажува листингот) гласавте против овој предлог, гласавте против решавање на прашањето, билокакво решавање на прашањето на стечајците. А денеска, имаме повеќе од илајда луѓе кои ги блокираат улиците во Скопје. Имаме тотален хаос. Полицијата крена раце нарочно да не се расправа со луѓето и уште повеќе да создаде конфликти меѓу граѓаните, возилат аи стечајците. Тоа не е искрено, не е чесно, не е во ред. Вие сте во владина коалиција и треба да интервенирате, најмалку што можете на направите.

А, да потсетам дека овие стечајци кои се надвор се од ФЕСАЛ 2 аранжманот што го потпиша денешниот премиер Никола Груевски, тогаш минситер за финансии и кој ги прати на улица, впрочем, со нивниот стечај во 2000-та година и ликвидација во 2001 година. Такви се комбинатите од Штип: “Македонка”, “Астибо” “Три чешми”...

**Благој Зашов:** Имате и предлог.

**Верица Филипова:** Да, ви кажав. Согласно член 79 од Деловникот барам под итно да ја прекинеме денешната седница...

(Џагор во салата со дофрлање)

Ве молам да ме сослушате.

**Благој Зашов:** Продолжете, продолжете.

**Верица Филипова:** Под итно да ја прекинеме денешната седница. Претставници и координантори на пратеничките групи да побараат средба со овие луѓе да разговараат со нив, па потоа да се решиме како ќе продолжиме.

Не е чесно, имав разговор со претседателот на Здружението на стечајците кој кажа дека никој од Собранието не побарал средба со нив. Тоа овде се потврди, не било воопшто точно.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Филипова, ви истече вашето време, го слушнавме предлогот, сега ќе продолжиме.

**Верица Филипова:** Ве молам да го ставите мојот предлог на гласање, имам подршка од 10 пратеници.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Ве молам, заземете си го местото за да можеме да продолжиме.

Должам прво една констатација дека овој предлог на госпоѓа Филипова веќе беше содржан во првиот предлог на господин Ивановски за кој што се гласаше и не доби доволен број гласови.

Второ, сакам да објаснам точно е, гласав против тој предлог што го даде господин Ивановски, но гласав за оној предлог што беше даден од господин Марјанчо Николов за ставање на дневен ред на законот кој што го предложи НСДП, а госпоѓа Верица Филипова може да го земе листингот и да провери.

Понатаму продолжуваме.

Повторно процедурално се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Овој пат реагирам на вас затоа што вие го прекршивте Деловникот и тоа во два наврата, го прекршивте и членот 90, кога од оваа говорница беа искажани навреди не го прекинавте пратеникот, во насока на “параноја”, “хаос” и т.н., предизвикан од страна на стечајните работници. Тоа е едно.

И второ, имавме предлог од почитуваниот колега Цветко Грозданов МВР да даде инфорамција, вие не го ставивте на гласање. ЛДП дава поддршка на тој предлог и сакаме навистина МВР да даде информација за збиднувањата што се случуваат околу мирните протести на стечајните работници, дотолку повеќе даваме подршка затоа што сме принципиелни, истата подршка ја баравме и кога ВМРО-ДПМНЕ го организираше “Гласот на светлината”, чии водачи на тие протести денес сите до еден се вработени и тоа токму во ЕСМ, сите што протестираа се на високи функции и поучени од тоа што тие го правеа во тоа време мислам дека сите ги проеменуваат нивните принципи на работа.

Токму поради тоа сакаме да иамме информација. Исто така, кога јас и колешката Славица Грковска го поднесовме законот за начинот на одржување на јавните собири, тие беа исто против затоа што имаа намера да го мобилизираат “Гласот на светлината” и со денови да го прават како што тие го нарекуваат “хаосот', иако јас не мислам дека се работи за хаос по улиците на Скопје и да ги изложуваат граѓаните на блокада.

Значи вие почитувани колеги од ВМРО-ДПМНЕ тогаш сметавте дека тоа е добро и дека треба да бидат блокирани сите улици, додека ние велевме да се протестира пред институциите на системот, Собранието и Владата и сега не знам како можете да бидете толку контрадикторни, еднаш тоа што го сметате дека е добро да биде добро само кога сте во опозиција, а кога сте на валст да ви пречат истите тие работи. Не, зад стечајците стоевте и тогаш вие, вие ги носевте со автобуси, им плаќавте, им ветувавте дека кога ќе дојдете на власт ќе донесете и подобар закон од оној што го донесоа тогаш пратениците, кога имаа доблест да гласаат за нив, значи им ветувавте подобар закон, а сега тие се самоорганизирани затоа што вие не им ги исполнивте ветувањата.

Ве молам да внимавате какви зборуви употребувате.

Ве молам, потпретседателе, ставете го предлогот МВР да излезе со информација за протестите и она што се случува, ако сметате дека навистина овие стечајни работници прават хаос, макар што јас мислам дека тоа не е така. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Каровска.

Вашиот предлог заедно со предлогот на господин Серафимов ќе биде доставен до Владата и Владата ќе направи информација и ќе аj достави до Собранието.

Продолжуваме понатаму.

За процедурално се јави господинот Јован Гинев, повелете.

(Реакции од пратеници со зборовите: “На гласање ставете го предлогот”).

Не треба гласање.

Повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам потпретседателе.

Немав намера да се јавам, меѓутоа, бев испровоциран од опозицијата и затоа ќе кажам неколку зборови за денешната седница.

Навистина ова што го прават со своите процедури пратениците од СДСМ е врв на лицемерието. Тие имаат најмалку право да леат крокодислки солзи за стечајните работници. Тие треба да се потсетат на нивните претходни влади кои по незаконски пат направиле криминална приватизација...

**Благој Зашов:** Кажете по кој член, ве молам, бидејќи сите други кажуваа по кој член од Деловникот реагираат.

**Јован Гинев:** ... и грабеж на македонскиот имот, создавајќи крајно богати од една страна и стечајни работници од друга страна.

(реакции од пратеници).

**Благој Зашов:** Господине Гинев, кажете по кој член процедурално забележувате.

**Јован Гинев:** Затоа, вие господо од СДСМ имате најмалку право да зборувате за нив и да плачете за нивните маки.

**Благој Зашов:** Дали можете по кој член господин Гинев зборувате.

**Јован Гинев:** Верувам дека вие најмалку плачете за нив, туку плачете за вашите позиции.

Ве молам, не ги кочите законите во македонскиот Парламент. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Гинев.

Се надевам дека последен за процедурално се јави господинот Никола Рилковски, повелете.

**Никола Рилковски:** Почитуван потпретседател, почитувани колеги,

За едно вакво сериозно прашање нависитна несфатливо е како е можно како мнозинство во овој Парламент толку несериозно да се однесувате. Да кажам дека во овој момент немаме посериозно, погорливо и крајно чувствително социјално прашање во Република Македонија кое најсериозно ни е пред вратите односно портите на овој законодавен дом.

**Благој Зашов:** Кажете по кој член, тоа го бараат пратениците, ве молам.

**Никола Рилковски:** По член 79 и ќе образложам.

**Благој Зашов:** Повелете, продолжете.

**Никола Рилковски:** Професоре, да ви одговорам сакате?! Нема проблем, ќе ви одговорам.

**Благој Зашов:** Продолжете господине, нема потреба во дијалози да се впуштате, продолжете.

**Никола Рилковски:** Тогаш не дозволувајте да ми дофрлуваат од првиот ред овде.

Не држете ја главата длабоко вкопана во песок, погледнете ја реалноста кон овие луѓе во очи и ако имате храброст, дајте да се договориме оваа седница денес - еве, ова е членот 79 - да ја прекинеме и да отвориме расправа токму по Предлог законот за овие луѓе.

**Благој Зашов:** За тоа гласавме.

**Никола Рилковски:** И во контекст на она што го говореше мојот сограѓанин и драг пријател Цветко, по повод протестите на стечајците, хаосот, судирите на одредени места каде што ги спомнав, нарушувањето на редот и мирот, да го потсетам заборави да каже дека во контекст на ова прашање вчера параноично имаше спуштање и на микрофоните од оваа говорница.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Рилковски.

Дали исто така за процедурално се јави госпоѓа Анета, повелете.

Анета се откажува.

Јас би замолил и господин Цветко да се откаже, па да продолжиме со расправа за европскиот закон.

Процедурално се јави и госпоѓа Радмила Шекеринска , повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван потпретседател, почитувани пратеници.

Јас би сакал да побарам и од вас и од пратениците на парламентарното мнозинство да ги прекиант политичките игри кои веќе два дена ги водат во македонското Собрание. Вчера имавме упад на говорницата денес имам е целосно одбивање Собрание да дискутира за теми кои се меѓу другото и многу европски и теми кои меѓу другото се единствениот спас за илјадници македонски семејства. На крајот ќе го имате правото да го кажете своето мислење и можеби ќе гласате против. Меѓутоа, Собранието да се однесува како да овие врати се сосема затворени и како да не можете да видите што се случува надвор е навистина несериозно.

Сакам да кажам дека измина времето на пишани говори и нарачани напади. Она што се бара од македонското Собрание е да понуди некакво решение. Пред Собранието на Македонија и надвор од овие затворени врати на пленарната сала се одвиваат сериозни пробелми. Стачајците

18 месеци без протести чекаа Владата и Собранието да го решат проблемот кој им беше ветен дека ќе биде решен. Стечајците 18 месеци чекаат да стигне на ред некој од многуте закони кои им се ветуваа, се предлагаа и потоа на дневен ред не се заборавааа. Кога во Република Македонија секој ден растат цените на сите прехранбени продукти, кога во Македонија само во месец декември за 12% порасна храната...

(Бурни реакции од многу пратеници).

**Благој Зашов:** Госпоѓо Шекеринска, морам да ве прашам и вас по кој член зборувате.

**Радмила Шекеринска:** Господине потпретседателе, јас ќе го кажам мојот предлог согласно членот 79 и точно ќе го прецизирам тогаш кога ќе сметам дека е потребно.

**Благој Зашов:** Продолжете.

**Радмила Шекеринска:** Во период кога Скопје, главниот град на државата е целосно блокиран, срамота е овде да ни читате говори од 1960 година кои што претходно ги напишал некој удбашки или каков друг сакате центар.

Овие стечајци пред салата во Собранието се директен резултат на погрешната политика на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и тука вие зборувајте за тајкуни и кого друг сакате, секој од стечајците со кој ќе разговарате ќе видите е директна жртва на аранжманот на Груевски и на групата околу Смиленски, силно подржана од врвот на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, денес не сме овде да дискутираме што доведе до овој проблем, тукукако проблемот да го решиме.

Затоа, наместо да се осудуваат стечајците кои сигурно не излегле да штрајкуваат два дена заради тоа што им е добро, туку заради тоа што немаат алтернатива, дајте да се прекине овде седницата, барам да имаме овде пауза на која со дополнителни консултации, меѓу другото еве ако сакате и со претседателот на Собранието, ќе решиме кога денес ќе биде ставен на дневен ред законот кој ќе им го реши проблемот, без разлика кој ќе го предложи. Апсолутно не им е битно на стечајците дали тоа ќе биде од една или друга пратеничка група.

Барам да имаме еден час пауза и да се договоримекога овој закон ќе биде на дневен ред.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Со оглед на тоа дека се бара од пратеничката група на СДСМ еден час пауза, давам еден час пауза.

(Реакција од пратениците на позицијата со зборовите : “не е координатор”).

Дали координаторот на СДСМ тоа го бара? (Да).

Објавувам пауза до 14,00 часот, а со оглед на тоа што се совпаѓа со паузата за ручек,продолжуваме во 15,00 часот).

(Пауза од 12,58 до 15,00 часот).

**Благој Зашов:** Господа пратеници, паузата ја продолжуваме до 16,00 часот поради натамошни консултации во координативното тело).

(По паузата седницата продолжи во 16,23 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат пратениците.

Почитувани пратеници, бидејќи до сега нема кворум, овде ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме утре во 12,00 часот, а во 11,00 часот ќе имаме координација.

(Седницата прекина со работа во 16,33 часот)